ООУ Дебрца

Тел: 046/28 60 03; с. Белчишта, ДЕБРЦА
ou-debrca-belchishta-debarca@schools.mk

## УЧЕБНА 2023-2024 година




## УЧИЛИШТЕ СО ВИЗИЈА

Основното училиште „Дебрца“ ги образува и воспитува дечињата од шест до петнаесет години од горна, средна и долна Дебрца. Горна и средна Дебрца имаат мал број жители, па со тоа и училиштата имаат помал број ученици, чии семејства главно се занимаваат со земјоделие и сточарство, мал процент на родители се вработени во околните места, а голем е бројот на семејства- корисници на социјална помош. Долна Дебрца е рамничарски регион со подобра инфраструктура, па и со поголем број жители, односно поголем број ученици.

Воспитно-образовната дејност ја реализира кадар составен од наставници, професори и стручни лица (психолог, библиотекар) кои во целост се предадени на својата основна функција на создавање здрави, учени и солидно воспитени деца. За таа цел постојано се надградуваат, и се доста успешни ,да им помогнат на учениците во усвојувањето на наставно-воспитниот процес, кој е посебно сложен во комбинираните паралелки во одделенската настава. Оваа настава се одвива со особено ангажирање на инволвираните наставници, кои наставата ја изведуваат на македонски наставен јазик и албански наставен јазик (воподрачното училиште во с. Горенци).

- Основното училиште „Дебрца“ својата дејност ја извршува во следните села:
- с.Белчишта-централно училиште од прво до деветто одделение,
- с.Велмеј-подрачно училиште од прво до петто одделение,
- с.Лешани-подрачно училиште од прво до деветто одделение,
- с.Злести-подрачно училиште од прво до петто одделение,
- с.Ботун-подрачно училиште од прво до петто одделение,
- с.Издеглавје-подрачно училиште од прво до петто одделение,
- с.Требеништа-подрачно училиште од прво до деветто одделение,
- с.Мешеишта-подрачно училиште од прво до деветто одделение,
- с.Волино-подрачно училиште од прво до петто одделение,
- с.Оровник-подрачно училиште од прво до петто одделение,
- с.Горенци-подрачно училиште од прво до петто одделение,на македонски и албански наставен јазик.

### *МИСИЈА*

*Општинското основно училиште „Дебрца“ има благопријатна училишна клима за нашите ученици и посакувана работна атмосфера за сите кои се вклучени во воспитно-образовниот процес. Особено внимание се посветува на децата со посебни образовни потреби, како и на мултикултурализмот како составен дел од нашето севкупно постоење. Сите деца се целосно вклучени во образовниот процес, поттикнувајќи ги како да ги решаваат проблемите, како да учат со разбирање и примена на стекнатите знаења, овозможувајќи когнитивен развој на учениците.*



Основното училиште остварува редовна и континуирана соработка со локалната самоуправа и Градоначалникот на општина Дебарца по однос на набавка на наставни средства и помагала, донација на училишни ранци и прибор за сите првоодделенци,

### *ВИЗИЈА*

*Модерното образование на учениците подразбира постојано надградување на веќе постојните услови за работа. Визијата не е дел само на учениците и наставниците, туку и на родителите, локалната самоуправа, на целиот регион.*

стипендирање на одлични ученици како и учество во сите останати манифестации, проекти и приредби од страна на локалната самоуправа и училиштето. На подрачјето на општина Дебрца има неколку производни и трговски капацитети со кои исто така се остварува добра соработка при организирање на манифестациите од страна на училиштето. Училиштето редовно го вклучува и местното население во своите активности, проекти и манифестации.

За промоција на активностите на училиштето редовно има соработка со локалните електронски медиуми (ТВМ, Интернет портали и др.).

Во рамките на промоција училиштето го издава училишниот весник „Славеј“. Училишниот весник се издава традиционално пред Патрониот празник на училиштето. Освен училишниот весник се изработуваат и училишни флаери (за родители, ученици, промоција на химанитарни акции, проекти, настани, патрониот празник итн.).

Исто така училиштето има сопствена веб страна од која можат да се обезбедат информации поврзани со работата и наставните програми, активности, проекти, учества на натпревари, литературни и ликовни творби и други активност на нашите ученици и наставници. Веб страната редовно се ажурира со објавување на фотографии, вести, настани, конкурси и соопштенија.
www.oоudebrca.edu.mk

## ВКЛУЧЕНОСТ НА СЕМЕЈСТВАТА ВО УЧИЛИШТЕТО

- *Во животот и работата на училиштето*

Советот на родители функционира по претходно изготвени план и програма со една единствена цел и тоа:

-ги поттикнува родителите да учествуваат во процесот на донесување одлуки и решенија, давање идеи кои ќе се во интерес на подобрување на работата на училиштето од секаков аспект, како и реализација на истите.

- ги детектира состојбите условите за работа во училиштето и дава идејни планови за подобрување на истите.

- учествува во одлучувањето (раководењето) преку членовите на Училишниот одбор

- *Во процесот на учење*

Родителите имаат можност за увид во планирањата од секаков вид, со тоа доколку сметаат за потребно можат да се вклучат со нивни мислења и сугестии за нивно дополнување или измени.

Им даваат подршка на наставниците во реализација на зацртаните планови за: имплементирање на иновирана настава, поголем напредок на учениците со посебен акцент на учениците со потешкотии во развојот и учењето и ученици со нагласен талент во одредени области.

Помагаат при набавка на наставни средства , помагала и материјали за учениците кои доаѓаат од семејства кои припаѓаат на социјално загрозена категорија.

Имаат можност да учествуваат во креирање на средината за учење.

- *Во активностите во училиштето*

Родителите имаат активна улога во давање иницијативи и се вклучени во организирање на воннаставнте активности на училиштето: манифестации, работилници, натпревари, екскурзии, прослави, приредби, нагледни активности во рамките на различни наставни предмети и сл.

- *Во донесување на одлуки*

Преку Советот на родители и Училишниот одбор, родителите се вклучени во донесување на одлуки од секаков карактер кои се во својство на унапредување и подобрување на воспитно - образовниот процес и целокупната работа на училиштето (согласно со законски дадените ингеренции на споменатите тела).

- *Едукација на семејствата*

- се организира преку типизирани предавања, работилници за родители, вклучување во проекти и хуманитарни акции, училишен весник, соопштенија, брошури, флаери и сл.

- се организираат и советодавни работилници - идивидуални и групни средби, посета на семејства,организирани од одделенски раководител и/или училишен психолог.

- се организираат советувања за родители согласно Законот за основно образование.



*„Мудрец не е оној којшто тврди дека знае се, туку тој кој умее да учи од секој еден човек, па дури и од дете!“*

***Индиска поговорка***